
Внимавајте на хигиената на вашите животни!

- *Редовно држете го чисто вимето*
- *Потстрижувајте ги влакната околу вимето*
- *Мијте го вимето пред молзење*
- *Немојте да користите сунгер - туку исклучиво крпа или хартија*
- *Вршете редовна дезинфекција на боските*
- *Молзете само здрави животни*
- *Првиот млаз измолзете го настрана во посебен сад*



Верувајте, вашиот труд ќе се исплати

MACEDONIAN AGRICULTURAL ADVISORY SUPPORT PROGRAMME (MAASP)

Подготвено од АПРЗМ и МААСП

Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола
Ул.: Новачки пат бб

Телефон: 047 223-150
Факс: 047 223-150
e-mail: aprzbitola@mt.net.mk


Head Office
Drottninggatan 99, Box 45115
SE-113 60 Stockholm, Sweden
Telephone: +46 (0)8 4415180
Facsimile: +46 (0)8 4415181
www.grminternational.com

Programme Office
"Ruzveltova "35
tel: 3075 506
Faks: 3075 503
1 000 Skopje

MACEDONIAN AGRICULTURAL ADVISORY SUPPORT PROGRAMME
Програма за поддршка на советодавните услуги во земјоделството

Хигиена на млекото

ХИГИЕНА НА МОЛЗНО ЖИВОТНО



Советодавен пакет „Хигиена на млеко“

Хигиена на животно

Кожа и влакна




Самата кожа и влакната на животното, а особено онаа околу вимето и задните нозе е обично најсилен загадувач. На нив се лепат нечистотии од подот, простирката, воздухот итн. Најлошо е ако животните постојано се изложени на прашина, зашто таа многу лесно се лепи за кожата и влакната. Во еден грам прашина може да се најдат и преку милијарда живи бактериски клетки. Овие бактерии претежно се цревни, потоа спорогени, гнилежни итн. Микроорганизмите се лепат за вимето и при молзењето се пренесуваат во млекото.



- **Влакната околу вимето треба да се стрижат,**
- **Опашките по можност треба да се врзуваат.**

Виме

Вимето на животните и самите животни треба да бидат чисти. На вимето можат да се најдат многу нечистотии од простирка, измет, кал итн. Сите микроорганизми што се наоѓаат во овие нечистотии лесно ќе се пренесат и во млекото и бројот на микроорганизмите ќе биде огромен. На фармите различно се одржува хигиената како што е покажано на сликите:



Различен степен на хигиена на виме кај молзни крави




- **Пред молзење визуелно да се прегледа вимето;**
- **Задолжително да се отстрани нечистотијата од животните;***
- **Пред молзењето вимето да се мие со млака вода и средство за дезинфекција;**
- **Потоа вимето да се исуши, а особено боските, по можност со хартиена крпа;**



- **После молзењето да се изврши дезинфекција на боските со средство за дезинфекција.**



*Ниту еден метод на дезинфекција на вимето не е ефикасен кај животните што се многу нечисти.



СО НАВРЕМЕНА И ПРАВИЛНО ИЗВЕДЕНА САНИТАЦИЈА (ПРАВИЛНО И ПОСТОЈАНО ЧИСТЕЊЕ И ХИГИЕНСКО РАБОТЕЊЕ), БРОЈОТ НА МИКРООРГАНИЗМИТЕ СЕ НАМАЛУВА ВО ГОЛЕМА МЕРКА, СО ШТО СЕ НАМАЛУВА ОПАСНОСТА ОД РАСИПУВАЊЕ НА МЛЕКОТО И ПРЕНЕСУВАЊЕ НА БОЛЕСТИ ПРЕКУ НЕГО. ИСТОВРЕМЕНО, ФАРМЕРИТЕ ЌЕ ПОСТИГНАТ ПОДОБРА ОТКУПНА ЦЕНА НА МЛЕКОТО, А ПРЕРАБОТКИТЕ ШТО ЌЕ СЕ ДОБИЈАТ ОД ТОА МЛЕКО ЌЕ БИДАТ СО ПОДОБАР КВАЛИТЕТ.



МААСП - Програма за поддршка на советодавните услуги во земјоделството

Агенција за поттикнување на развојот
на земјоделството - Битола
Телефон: 047 223-150
Факс: 047 223-150
e-mail: aprzbitola@mt.net.mk